Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња

**СТАЦИОНАР – ЛАНА** Струмица

Ул. ДИМИТАР ГАЛЕВ БР.1 Б СТРУМИЦА

E-mail: info@lana.mk

Тел: 070- 275-615

www.lana.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИЗИЧКИ ОБЕМ ЗА РАБОТАТА НА ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА СТРУМИЦА – СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2024 ДО 31.12.2024 год

**Струмица, Февруари, 2025**

ЈПЗБК Стационар – Лана Струмица е Јавно претпријатие основано од Советот на општина Струмица со цел хумано, систематско и трајно да се намали популацијата и да се зачува благосостојбата на бездомните кучиња на територијата на општина Струмица.

ЈПЗБК Стационар Лана Струмица има својство на правно лице со права, обврски и одговорности урврдени со Закон, Статут на претпријатието и актите за организирање на Јавното претпријатие. Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и на своја сметка и за обврските одговара со цела одговорност.

Целосниот назив гласи :Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица

Кратко име: ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица

Матичен број : 7569769

Даночен број: 4027022535358

Адреса : Димитар Галев бр.1Б Струмица

Големина на друштвото: микро

Организациионен облик : 03.9- други јавни претпријатија

Шифра на дејност:01.49 – одгледување на други животни

Основниот влог на Општина Струмица како основач на ЈПЗБК СТАЦИОНАР –ЛАНА Струмица е уплатен на жиро сметката во износ од 4.500.000,оо денари, и е евиднтиран на конто 9005 -основна главнина на јавно трговско друштво.

Со одлука бр.05-356/1 од 05.06.2023 Општина Струмица како основач на ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица ја зголеми основната главнина на јавното трговско друштво за износ од 350.000,оо денари и истиот износ е уплатен на жиро сметката во износ од 350.000,оо денари, и е евидентиран на конто 9005 -основна главнина на јавно трговско друштво, при што со ова зголемување вкупниот износ на основна главнина на ЈПЗБК Стационар ЛАНА – Струмица изнесува 4.850.000,оо денари.

**ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица ги врши следниве работи:**

- заловување и привремено сместување на заловените кучиња во прифатилиштето и доколку е потребно кастрација,стерилизација, лекување, здравствена заштита, тест за лајшманиоза, тест за социјализација и други дејствија,согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, по што истите треба да се вдомат или да се вратат во областа од каде биле заловени;

- преземање на соодветни мерки се со цел ефикасна заштита на бездомните кучиња на територијата на општина Струмица;

- редовно хранење, напојување и лекување на кучињата,доколку е потребно;

- вршење контрола на популацијата на бездомни кучиња во општина Струмица;

- одбележување на бездомните кучиња со микрочип за идентификација;

-евиденција со соодветна документација за сите заловени, третирани и вратени/вдомени бездомни кучиња.

- изготвување на повеќегодишен план и програма врз основа на кој ќе се врши истата, а кој ќе биде доставен до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување.

Органи на претпријатието се

- Управен одбор кој брои 5 члена (1 -претседател + 4 членови) избрани од основачот на претпријатието т.е Советот на општина Струмица
- Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење, избрани од основачот на претпријатието т.е Советот на општина Струмица кој брои 5 члена (1 - претседател + 4 членови)
- Директор

Претпријатието го застапува и претставува директорот на претпријатието.

Врз основа на надлежностите утврдени со Закон, Одлуката за основање на претпријатието и Статутот на претпријатието, а заради успешно и ефикасно извршување на работите, хиерархиската поставеност се утврдуваат следните нивоа:

- Директор
- Сектори и одделенија.

Заради обезбедување на меѓусебно поврзаните области и функции во надлежност на ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица, со цел за поефективна и поефикасна организација, координација и соработка во ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица се формираат следниве сектори со одделенија:

**1.Сектор за административни работи и управување со човечки ресурси**

- одделение за административни работи

- одделение за управување со човечки ресурси

Секторот за административни работи и секторот за управување со човечки ресурси, преку своите организациони делови, одделенија ги вршат следните работи:

- следење на измени и дополнувања на закони, подзаконски акти од области кои се однесуваат на надлежностите на претпријатието, од областа на финансиското работење и од областа на јавните набавки;

- изготвување на предлог акти на претпријатието, изготвување на записници, одлуки и други акти на органите на управување и документација за основачот на јавното претпријатие;

- го организира функционирањето и усогласува архивско и канцелариско работење;

- го организира прибирањето, средувањето, чувањето и отуѓувањето на целокупната документација;

- координација на состаноците на директорот;

- изработка на стратешки приоритети на претпријатието за квалитетно обезбедување на услугите;

- организирање на стручно административното работење;

- стручна помош на работењето поврзано со помошните и административнии работи;

- вршење на аналитички работи и организирање по постапување по доставените претставки и предлози;

- навремено подготвување информации и извештаи за состојбите на претставките и предлозите;

- вршење работи во функција на квалитетно функционирање на органите на јавното претпријатие;

- одговори на поднесоци и барања од странки;

- комплетирање на документи и акти за судски и управни постапки;

- подобрување на услугите и унапредување на комуникација со граѓани со инвалидност;

-управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на јавното претпријатие утврдени со финансискиот план;

-подготвување, извршување и известување за извршувањето на финасискиот план на јавното претпријатие, подготвува измена и дополнување на истиот;

-врши контрола на подготовката и извршувањето на финасискиот план ;

-спроведување ex-ante и ex-post финансиска контрола;

-врши следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на јавното претпријатие;

-врши сметководствено евидентирање за извршување на финасискиот план и подготвување на годишна сметка;

-подготвува Годишен финансиски извештај,

-врши благајничко работење;

-подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;

-пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;

- во законски утврдениот рок, подготвува предлог годишен план за јавните набавки и се грижи за негова реализација;

-ја води хартиено или електронски целата постапка за јавни набавки согласно законските одредби;

- дава стручна и техничка помош на комисиите за јавни набавки;

- изготвува договори по постапките за набавка на стоки, работи и услуги;

- постапува по приговори и жалби;

-следење на реализацијата на договорите за јавни набавки според законот за јавни набавки.

-го води регистарот на постапките за јавни набавки, ги доставува податоците до Бирото за јавни набавки и во законски утврдениот рок закачува на ЕСЈН годишни евиденции за реализирани јавните набавки по видови на стоки, работи и услуги.

-обезбедува ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата;

- учествува во постапките на вработување, унапредување и мобилност на административни службеници и други вработени во институцијата;

- подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во јавното претпријатие, нивните изменувања и дополнувања, како и правилници за наградување;

-врши планирање на бројот на потребните извршители за секое работно место, во квалитативна и квантитативна димензија;

- обезбедување на правилна примена на законските и подзаконските акти од областа на човечките ресурси кои се однесуваат на правата кои произлегуваат од работен однос, како и вработувањето, селекцијата и унапредувањето;

-спроведување на постапката за вработување на јавните службеници, даватели на јавни услуги и помошно-технички лица;

- подготвување на одговори на жалби во случај на поднесени жалби воврска со извршен избор при постапката за вработување на јавни службеници;

- подготвување на спогодби за вработување без јавен оглас од еден водруг орган и ја следи нивната реализација;

- остварување на комуникација со Советот на Општина Струмица,Министерството за информатичко општество и администрација,Агенцијата за администрација за работи поврзани со вработувањето и другиинституции;-обезбедува стручно-оперативна поддршка во спроведување на постапките за пополнување на слободно работно место и учествува во работата на Комисијата за селекција на јавен службеник и даватели на јавни услуги;

-обезбедува стручна поддршка во воведувањето на работа и спроведување на менторство;

- изготвување на правилници за работа (пишани процедури) восоработка со раководителите на сектори и одделенија;

-развивање и ажурирање на содржини поврзани со управувањето со човечките ресурси кои се објавуваат на веб страницата на Агенцијата;

-развивање на бази на податоци во врска со управувањето со човечките ресурси;

- како и врши други работи во врска со човечките ресурси во институцијата

- обезбедување на пристап до информации од јавен карактер: секторот за административни работи и човечки ресурси со овластено лице одговорно за комуникација со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и врз основа на горенаведените работни обврски и задолженија е одговорно за навремен и квалитетен одговор на сите Барања за пристап до информации од јавен карактер од граѓаните односно правните и физичките лица во Република Северна Македонија. Обезбедува и одговори по жалби и решенија од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на незадоволните странки од донесените решенија по Барањата за пристап до информации од јавен карактер од граѓаните односно правните и физичките лица во Република Северна Македонија.

**2.Сектор за благосостојба на бездомни кучиња**

- Одделение за заловување и транспорт на бездомни кучиња

- Одделение за медицински третман на бездомни кучиња и

- Одделение за згрижување и вдомување на бездомни кучиња

**Одделение за заловување и транспорт на бездомни кучиња** ги врши следните работи:

-Ги заловува бездомните кучиња и кучињата затекнати на јавни површини кои не се придружувани од одговорно лице

-Ја изготвува програмата за заловување и прави детален план за времето и местото на заловување;

-Ги регистрира сите податоци поврзани со заловувањето;

-Ги транспортира заловените кучиња до прифатилиштето;

-Одговара на пријава за каснување од куче и врши интервентно заловување;

-Ги транспортира стерилизираните,вакцинирани и обележани кучиња на местото од каде што биле заловени;

-Ги транспортира угинатите и евтаназирани кучиња до соодветно место пропишано со закон;

-Ги одржува опремата и возилата и врши редовна дезинфекција на истите.

**Одделение за медицински третман на бездомни кучиња** ги врши следните работи:

-Преглед и регистрирање на заловените кучиња;

-Земање крв за анализа и за тестови за одредени болести,согласно законот;-терилизирање/кастрирање на кучињата,по претходна проценка и селекција извршена од ветеринарниот лекар;

-Терапија ,редовни прегледи и нега на кучињата во постоперативниот период;

-Вакцинирање,третирање против внатрешни и надворешни паразити и други интервенции,согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните;

-Третман и лекување на болни кучиња;

-Евтаназија на многу болни и агресивни кучиња,согласно Правилникот;-Ветеринарниот лекар,по потреба ги придружува заловувачите при заловување на агресивни кучиња ,со цел дозирање на средството за седација и

-Ја води сета потребна документација за работењето на одделението

**Одделение за згрижување и вдомување на бездомни кучиња**ги врши следните работи:

-Активности поврзани со хранење, напојување и сместување на бездомните кучиња;

-Следење на состојбата на кучињата по медицинскиот третман, а особено во постоперативниот период;

-Се грижи за одржувањето и хигиената на боксовите во кои се сместени кучињата, како и за нивна дезинфекција;

-Ги организира дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата на целото прифатилиште;

-Се грижи за дозирањето и складирањето на храната за кучиња

-Се грижи за одржувањето ,складирањето и дезинфекцијата на опремата која се користи во одделението;

-Помага при организирање и спроведување на процесот на вдомување;

-Ги извршува сите активности што се однесуваат на хигиената на кучињата,како бањање,чешлање и стрижење;

-Им овозможува на кучињата редовни прошетки и игра;

-Се грижи за посетителите и вдомувачите;

-Организира тест за социјализација, дресирање и по потреба, постапки за ресоцијализација на кучињата и

-Ја води целокупната документација за сите постапки во одделението.

## ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА РАБОТА НА ЈПЗБКА СТАЦИОНАР ЛАНА СТРУМИЦА

Јавното Претпријатие за заловување на бездомни кучиња работи според Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начин и содржината на податоците за водење на евиденцијата и начинот на вршење на надзор издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство, Годишна наредба за здравствена заштита на животните во 2023 година (Службен весник на РСМ, бр. 38 од 21.2.2023 година) донесена од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Нашето работење е во согласност и со Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл. Весник на РМ бр. 53 од 13.10.2014) , Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосотојба на животните (Сл. Весник на РМ бр. 53 од 21.03.2016) ,Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22), ЗАКОН ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО Сл. Весник на Р. Македонија бр.113/07 од 20.09.2007 год., Закон за Идентификација и регистрација на животните ( Сл. Весник бр. 95/2012 и 27/14)

За извршување на нашата основна дејност заловување и хуман третман и благосостојба на бездомните кучиња по принципот заловување- дехелментизација-третирање – стерилизација/кастација -вакцинација – враќање на место на заловување, ЈПЗБК Стационар Лана Струмица активно работи за решавање на проблемот со бездомните кучиња на територијата на Општина Струмица.

Исто така во 2024 година имаме склучено договор за заловување и хуман третман на бездомни кучиња и со, Општина Ново Село, Општина Дојран, Општина Радовиш, Општина Кавадарци и договорите со Општина Демир Капија, Општина Валандово и ЈПКД Комуналец Гевгелија, од 2023 кои завршија во 2024 година

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024, на територијата ***на општина Струмица*** има заловено вкупно 307 бездомни кучиња. Од оваа бројка 237 бездомни кучиња се прв пат заловени, и истите соодветно обележани со идентификациони обелжја (ушна маркица и микрочип), а 70 бездомни кучиња и по втор пат заловени кои беа исто така соодветно третирани со односно прочистени од внатрешни и надворешни паразити. Вакцинирани со DHP+L вакцина и вакцина против беснило.
Од вкупно за првпат заловените 237 бездомни кучиња 109 бездомни кучиња се женски пол, а 128 бездомни кучиња се машки пол.

Со селекциски ушни маркици (жолта боја) СР23/521 до СР23/555 се заловени во 2024 година, селекциски ушни маркици (потокалова боја) СР 24/01 ДО СР24/201 се заловени до 31.12.2024. Во моментот на изготвување на извештајот се уште не е донесена годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2025 за да бидеме информирани во која боја ќе бидат селекциските маркици за 2025 година. Затоа

на почетокот на оваа 2025 година продолжуваме со портокаловите селекциски маркици почнувајќи од СР 202/24.

Сите бездомни кучиња кои се заловени во 2024 година се третирани, стерилизирани/кастрирани и вратени на место на заловување или вдомени или евтанизирани поради агресивност (односно не го положиле тестот за социјализација, кој го врши овластено лице од ветеринарниот факултет Скопје) или поради позитивен тест на леишманија - заразна зоонозна болест, за која нема регистрирано лек во Република Северна Македонија.

Ветеринарниот тим на Стационар Лана Струмица има извршено 181 стерилизации/кастрации на заловени бездомни кучиња во текот на 2024 од територијата на Општина Струмица.

Во бројката на прв пат заловени кучиња на територијата на општина Струмица има заловени кучиња со идентификационен микрочип т. е со сопственици. За жал овој тренд на заловување на кучиња со сопственици загрижувачки се зголемува. Во соработка со овластениот инспектор при Агенцијата за храна и Ветеринарство на Република Северна Македонија соодветно се санкционираат сопствениците. Првично добиваат опомена или парична казна за неодговорно сопственишство согласно Законските прописи пропишани од Агенцијата за Храна и Ветеринарство.

Нашата задача да се грижиме за безбедноста и заштитата на здравјето на граѓаните на Општина Струмица, како и заштита на животната средина (се разбира во доменот на нашата дејност – заловување и третман на бездомни кучиња) за 2024 година ја извршувавме посветено и стратегиски согласно програмата за работа на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица за 2024 година.

Вршевме контрола и увид на терен, каде што и теренски ги третиравме обележаните со селекциски маркици бездомни кучиња со антипаразитски третмани т.е вршевме дехелминтизација. Според бојата и бројката на селекциските маркици теренски вршевме и вакцинирање против беснило. Сето оваа го работевме грижејќи се за здравјето и благосостојбата на жителите на Општина Струмица и се разбира за здравјето и благосостјбата на бездомните кучиња.

Да бидеме реални, последниве 2 години, состојбата со бездомните кучиња е ставена под "контрола" да речеме. Сепак пикот, врвот на резултатите од нашето работење го очекуваме за 4-5 години кога поради стерилизацијата т.е кастрацијата на бездомните кучиња и нашето залагање за нивно вдомување, ќе се намали нивната популација. Затоа да бидеме трпеливи во одвивањето на овој процес.

Секако, во очекување сме од Агенцијата за Храна и Ветеринарство. донесување на нови построги законски мерки за неодговорно сопственишство на сопствениците на домашни миленици кои поради некои нивни причини ги оставаат своите миленици на улица.

Континуирана едукација на пошироката јавност за грижата, благосостојбата на бездомните кучиња и грижата за нивните миленици во однос на одговорно сопственишство, едукацијата за стерилицацијата на домашните миленици и постојана грижа за нив. Оваа едукација ќе допринесе поодговорно сопственишство, а не

напуштање на својот миленик на улица откако ќе увидат дека имањето миленик носи големи задолженија и одговорности.

Бројот на евтанизирани бездомни кучиња кои беа позитивни на тестот за леишманија - тешка заразна зоонозна болест, која се пренесува и на луѓето е 14 бездомни кучиња во 2024. Бројот на угинати кучиња или евтанизирани кучиња поради други основи е 9 (Во оваа бројка влегуваат и кучиња кои беа повредени на јавни површини и донесени на лекување во Стационарот, како и и затровени кучиња од несовесни граѓани. Дел од нив успеавме да ги излекуваме, но за жал, ја имаме и оваaа бројка на угинати)

Бројот на евтанизирани бездомни кучиња кои биле агресивни и не го положиле тестот за социјализација за овој период се 5.

Вкупно се вдомени 52 (во оваа бројка има и вдомено кучиња кои беа повторно заловени т.е. со ушни маркици од 2023 година) бездомни кучиња кои се заловени на територијата на општина Струмица. Исто така згрижени од страна на вљубеници во кучиња , кои се грижат за храна и друга потребна нега на бездомни кучиња се околу 10-тина бездомни кучиња. Вратени на место на заловување се 154+59 дислоцирани бездомни кучиња,

***Во општина Велес*** во 2024 заловени се 26 бездомни кучиња од кои 13 машки пол и 13 женски пол. Имаме извршено 19 стерилизации/кастрации. 24 кучиња се вратени на место на заловување, 2 бездомни кучиња се вдомени и 2 се евтанизирани поради тоа што беа позитивни на тестот на леишманија. Завршен договор со јавна набавка.

***Во општина Валандово*** во 2024 година заловени се 7 бездомни кучиња .Со претходно заловените од крајот на декември 2023, 13 бездомни кучиња се третирани стерилизирани/кастрирани вратени на место на заловување во општина Валандово.

***Во општина Гевгелија*** во 2024 година, преку договорот од јавна набавка од 2023 год. со ЈПКД Комуналец – Гевгелија заловени се 2 бездомни. Бездомните кучиња кои беа заловени кон крајот на 2023 година беа стреилизирани/кастрирани и вратени на место на заловување, Вкупно 8 стерилизирани/кастрирани од 2023 + 2 заловени и третирани во 2024 година, сите вакцинирани со DHP+L вакцина и вакцина против беснило, прочистени од внатрешни и надворечни паразити вратени се 10 бездомни кучиња во општина Гевгелија. Завршен договор со јавна набавка.

.

***Во општина Радовиш*** во 2024 година заловени се 44 бездомни кучиња од кои 25 женски пол и 19 машки пол. Кастрирани стерилизирани, вакцинирани со DHP+L вакцина и вакцина против беснило и третитани против внатрешни и надворешни паразитит и вратени на место на заловување се 41 бездомни кучиња. Кучиња кои биле позитивни на тест за лајшманиоза е на територијата на општина Радовиш нема. Бројот на вдомени бездомни кучиња од Општина Радовиш е 1. Само едно бездомно куче има угинато, (од територијата на општина Радовиш) беше донесено во лоша кахекнична

состојба. И три еванизирани кучиња не положилет тест за социјализација и по објавата за вдмување нама пријавено вдомувач.

***Во општина Демир Капија*** заловени се 11 бездомни кучиња. Од тие 6 беа женски пол а 5 машки пол. Две од нив беа позитивни на леишманија и евтанизирани, согласно законските прописи и процедури. И едно не го положи тестот за социјализација. Значи беа направени вкупно 8 кастрации, стерилицации, Сите 8 соодветно третирани односно прочистени од внатрешни и надворешни паразити. Вакцинирани со DHP+L вакцина и вакцина против беснило, и уредно вратени на местото на заловување.

Од ***општина Кавадарци*** заловено едно куче кое по подолгиот престој кај нас и направени 2 теста за социјализација беше вдомено под посебни услови.

**Кај сите вкупно бездомни кучиња кои се третирани во ЈПЗБК Стационар Лана Струмица согласно, Законот за идентификација и регистрација на животните им е извршена идентификација со микрочип, ушна маркица и пасош.**

ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА
ВД Директор
Александар Поп-Димитров

| МЕСТО | ЗАЛОВЕНИ | ОД КОИ ПОЛ МАШКИ | ОД КОИ ПОЛ ЖЕНСКИ | ВКУПНО КАСТАРАЦИИ | ИЗЛЕЗ НА МЕСТО НА ЗАЛОВУВАЊЕ-РЕОН/ | ВДОМЕНИ | ЗАБОЛЕНИ ЛЕИШМАН. | НЕ ПОЛОЖИЛЕ ТЕСТ ЗА СОЦИ-ЈАЛИЗАЦ. | УГИНАТИ ВО ПРИФАТ. | ЕВТАНАЗ. ДРУГО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | |
| **ОПШТИНА СТРУМИЦА Прв пат заловени** | 237 | 128 | 109 | 181 | 154 | 41 | 14 | 5 | 6 | 3 |
| **ОПШТИНА СТРУМИЦА Повторно заловени** | 70 | 33 | 37 | / | 59 | 11 | | | | |
| **ОПШТИНА ВЕЛЕС** | 26 | 13 | 13 | 19 | 24 | 2 | 2 | | | |
| **ОПШТИНА РАДОВИШ** | 44 | 19 | 25 | 44 | 41 | 1 | | 1 | 1 | 2 |
| **ОПШТИНА ВАЛАНДОВО** | 7 | 3 | 4 | 7 | 7 | | | | | |
| **ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА** | 11 | 5 | 6 | 8 | 8 | 1 | 2 | 1 | | |
| **ЈКПКД КОМУНАЛЕЦ ГЕВГЕЛИЈА** | 2 | 1 | 1 | 7 | 7 | | | | | |
| **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** | 1 | 1 | | | | 1 | | | | |
| **ВКУПНО ПРВ ПАТ ЗАЛОВЕНИ -** | 328 | 170 | 158 | 266 | 235 | 46 | 18 | 7 | 7 | |
| **ВКУПНО СЕ** | **398** | **203** | **195** | **266** | **294** | **57** | **18** | **7** | **7** | **5** |